**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Одлуката на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 71931/1 од 23.02.2017 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 24.04.2017 година ја донесе следната

# Предлог Одлука

**за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото**
**за годината што завршува на 31 декември 2016 година**
**во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија**

## Член 1

Собранието на Друштвото ги усвојува ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2016 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија, заедно со ревизорското мислење, кои се дадени во прилог како составен дел на оваа Одлука.

## Член 2

Секторот за сметководство и даноци треба да го организира доставувањето на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2016 година во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија, заедно со ревизорското мислење до надлежните државни институции, а во согласност со законските прописи.

## Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**